Архивски број: 02- 8382/1
Датум: 13.10 2026 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), министерот за култура и туризам донесе:

УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО СТРАНСТВО ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова упатство се уредуваат начинот и условите за користење на средства за репрезентација во странство, максималните износи на средства за репрезентација по службено патување, како и начинот на документирање и правдање на трошоците за репрезентација во странство на Министерството за култура и туризам (во понатамошниот текст: Министерството).

Член 2

(1) Репрезентација во странство, во смисла на ова упатство, се сметаат трошоците направени во рамките на службено патување во странство за службени средби, работни ручеци и вечери, приеми, состаноци и други настани од службен карактер со странски делегации, претставници на институции, организации и други лица со кои се остварува официјална меѓународна соработка за време на одобрено службено патување.

(2) Средствата за репрезентација се користат исклучиво за службени цели и не претставуваат надоместок, паушал или друго лично право на корисникот.

(3) Средствата за репрезентација не може да се користат за покривање на лични трошоци на корисникот, вклучително и за неговата лична исхрана која се покрива преку дневницата за службено патување во странство.

II. КОРИСНИЦИ И ЛИМИТИ ПО ПАТУВАЊЕ

Член 3

(1) Право на користење средства за репрезентација во странство имаат:

- министерот;
- заменикот на министерот;

Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

- државниот секретар.

(2) Средствата за репрезентација се користат исклучиво за намените од член 2 на ова упатство и истите не претставуваат личен приход, паушал или право на корисникот.

Член 4

(1) За секое одобрено службено патување во странство се утврдува максимален износ за трошоци за репрезентација по патување, и тоа:

- до 500 евра во денарска противвредност за министерот;
- до 400 евра во денарска противвредност за заменикот на министерот;
- до 300 евра во денарска противвредност за државниот секретар.

(2) Денарската противвредност се пресметува согласно со средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на настанувањето на трошокот.

(3) Максималниот износ од ставот (1) на овој член се однесува на вкупните трошоци за репрезентација направени во рамките на конкретното службено патување и неискористениот износ не се пренесува на наредно службено патување.

(4) Во оправдани случаи кога природата и значењето на службениот настан го налагаат тоа, може да се одобри износ повисок од максималниот износ од ставот (1) на овој член, со претходно писмено одобрение.

(5) Трошоците за репрезентација мора да бидат непосредно поврзани со службените цели на патувањето и со остварувањето или унапредувањето на официјалната меѓународна соработка.

(6) Трошоците за репрезентација се користат на економичен и разумен начин, согласно со природата и значењето на службената средба или настанот.

III. ДОКУМЕНТИРАЊЕ И ПРАВДАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ

Член 5

(1) Секој трошок за репрезентација направен за време на службено патување во странство се документира со фактура, сметка, сметкопотврда или друг соодветен документ издаден од угостителскиот или друг соодветен објект во странство.

(2) Кон документацијата од ставот (1) на овој член се приложува писмено образложение кое содржи:

1. број на патниот налог за службеното патување;
2. датум и место на одржување на службената средба или настан;
3. повод и службена намена на трошокот;
4. податоци за странската делегација, институција, организација или други лица со кои е остварена службената средба.

(3) Доколку од доставениот документ не може да се утврди природата на трошокот, корисникот е должен да обезбеди дополнително образложение.

Член 6

(1) Документацијата за направените трошоци за репрезентација, заедно со образложението од член 5 од ова упатство, се доставува до Секторот за финансиски прашања најдоцна во рок од седум работни дена од денот на враќањето од службеното патување.

(2) За трошоците направени со средства за репрезентација се води одделна евиденција за секое службено патување.

IV. КОНТРОЛА И ОДГОВОРНОСТ

Член 7

(1) Секторот за финансиски прашања врши контрола на доставената документација, намената на трошоците и усогласеноста на вкупниот износ на трошоците со максималниот износ утврден за конкретното службено патување.

(2) Трошоците кои не се соодветно документирани, не се поврзани со службената репрезентација или се однесуваат на лични потреби на корисникот не се признаваат на товар на Министерството.

(3) За трошоците од ставот (2) на овој член кои се платени со средства на Министерството, корисникот е должен да изврши поврат на средствата на сметката на Министерството.

Член 8

За користењето и правдањето на средствата за репрезентација согласно со ова упатство, корисникот одговара за точноста на податоците и приложената документација.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 9

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР,

Sedat Sulejmani

53/Изработиле: Фросина Ѓоршовска, рак. на Сектор
Весна Илиевска, државен советник за правни работи
Сузана Которчевиќ, рак. на Сектор
Бранко Костовски, кабинетски службеник

Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk